

Тргнуваме со нова енергија, силно мотивирани напред. Нашата цел е Македонија во која секој млад човек ќе сака да живее и твори. Македонија на еднакви можности и перспектива за секој млад човек, напиша Лука Кржалоски, претседателот на УМС на ВМРО-ДПМНЕ, на својот Фејсбук профил.

-Од денес тргнуваме на терен во секој Општински Комитет, во секој град, населено место и село, ќе допреме до секој млад човек, ќе ги слушнеме барањата и потребите на младите. Ние сме гласот на младите. Ќе понудиме алтернатива за младите, за Македонија. Младите заслужуваат подобро! Македонија заслужува подобро!, пишува Претседателот на УМС на ВМРО-ДПМНЕ Лука Кржалоски.